Во рамките на Центарот за поддршка на лица со оштетен вид, при Црвен крст на град Скопје, се реализираше работилница за јавно говорење и изработка на професионално CV. Корисниците имаа можност да се запознаат што е тоа CV, зошто е потребно и како истото јавно да го презентираат.

Во текот на работилницата се потенцираа пет основни принципи за изработка на добро CV како што се лични податоци, работно искуство, едукација и тренинг, лични вештини и препораки. Исто така, корисниците се запознаа со изработка на мотивационо и пропратно писмо. Покрај ова корисниците имаа можност да се запознаат и со јавно презентирање на своите вештини односно јавно говорење. Центарот и понатаму ќе продолжи со разни едукативни работилници кои ќе ги поттикнат и мотивираат корисниците да ги развијат своите вештини и потенцијали.

Центарот за поддршка на лица со оштетен вид се реализира во рамките на „Проектот на УСАИД и ЛЦИФ за деца со пречки во видот“.

